ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
„КОМУНАЛНА ХИГИЕНА"
БР. 01-37/1
20. 02. 2023 год.
НОВАЦИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	28. 02. 2023		
Орг. ед.	Број	Прилог	Вредност
10	215/4		

Архивски знак: 0102
Рок на чување ТРАЈНО
20.02.2023 год. Новаци
Потпис:

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
КОМУНАЛНАХИГИЕНА – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работењето на јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена" - Новаци за 2022 година

Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена" - Новаци, се основа заради вршење на дејности од комуналната област кои се од јавен интерес од локално значење, а се сметаат за незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на Општина Новаци.

Главна дејност на јавното претпријатие е собирање на безопасен отпад, но врши и други дејности предвидени со Статутот на претпријатието.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена" - Новаци, располага со основни сретства и тоа:

- Компјутерски софтвер - Мегасофт
- Компјутерски софтвер ЦФМА - Инфо Биро
- Лаптоп АСУС
- HP Color Laser Jet MFP M479fdw
- Трактор John Deere 5055E со кабина;
- Трактор VTZ 2048A, со број на шасија 23010256, број на мотор А2902000Б, година на производство 2002 година и боја на каросерија светло-црвена;
- Камион Мерцедес Бенз тип 970.01 со регистарски таблички БТ-479-ДК, година на производство 2003 година, со надградба EFE 222 со година на производство 2010 година;
- Мулчер Rinieri 250, Del Morino Cent 1581;
- Даски за снег;

Со одлука од Управниот Одбор на О.О.У. „Славко Лумбарковски" - Новаци бр. 02-26 од 27.01.2017 година, на претпријатието трајно се отстапени следните основни средства:

- Трактор ИМТ539;
- Тракторска приколица - ВИНИЦА со носивост 3,5 тони.

Со одлука од Советот на Општина Новаци бр. 14-123/24,25,26 од 30.01.2019 година, на претпријатието трајно се отстапени патничките возила:

- Volkswagen Golf 5 со број на шасија WVWZZZ1KZ4B022812;

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
КОМУНАЛНАХИГИЕНА – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682

Со одлука од Советот на Општина Новаци бр. 14-671/16 од 19.10.2020 година, на претпријатието времено се отстапени следните возила:

- Камион Кипер Рено Д16 со додатоци: плуг за чистење снег и соларка со регистарски број БТ-7298-АЕ;
- Камион цистерна за миење на улици Ивеко Еуро Карго со регистарски број БТ-7287-АЕ;
- Специјална градежна машина ровокопач - Скип со плуг за чистење на снег МСТ 624 со регистарски број БТ-1626-АЕ;
- Трактор Ландини со регистарски број БТ-2214-АД;
- Противпожарно возило Сканија со регистарски број БТ-7570-АБ;

Со одлука од Советот на Општина Новаци бр. 14-619/17 од 22.06.2022 година, на претпријатието времено се отстапени следните возила:

- Ѓубретарка марка Mitsubishi Fuso со надградба марка KARBA;
- Тракторска косилица марка McCllouch M200-107TC

Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална Хигиена" – Новаци, во 2022 година, комунален отпад подигнуваше во единаесет населени места каде се отфатени околу 605 корисници и каде се распоредени околу 600 канти од 120 литри за отпад, 15 метални жичени контиљери за ПЕТ пластика и 20 метални контиљери за отпад од 1.1 m^3.

Во текот на 2022 година во депонијата Мегленци се депонирани 2.497 m^3 отпад или 750 тони (од физички и правни лица).

Неделниот распоред на подигање на смет беше следниот:

Понеделник	Вторник	Среда	Четврток	Петок
Новаци	Гермијан Живојно Бач Брод	Добромири Новаци	Далбеговци Г. и Д. Агларци	Рибарци Гнеотино

Јавното претпријатие за комунални дејности „Комунална хигиена" – Новаци редовно вршеше чистење, метење и миење на јавните површини, како што се местата пред јавните установи и други јавни површини од овој вид, редовно се одржуваа чисти патовите со што се косеше тревата околу патовите и се чистеа од отпади и земја од банкините.

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
КОМУНАЛНАХИГИЕНА – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682

Косењето и средувањето на зелените површини и парковите и собирањето на ѓубрето од парковите се одвиваше секојдневно на почетокот од работното време како и во деновите кога не се собираше отпад, согласно Програмата за одржување на јавна чистота за 2022 година на Општина Новаци.

Согласно Програмата за зимско одржување на локални патишта и улици на територија на Општина Новаци во зимскиот период се извршуваа активности како: 24 часовно дежурство во текот на целиот зимски период, одржување на машините и другата потребна опрема во исправна состојба за брзо дејствување, машинско чистење на снег и посипување со песок - ризла на коловозните површини, како и рачно чистење на патеки во парковите и дворот на Општина Новаци.

Во текот на 2014 година со одлука од Советот на Општина Новаци се презедоа и локалните водоводи во следните населени места: Бач, Брод и Живојно и се отфатени околу 160 домаќинства. Во 2022 година за тие три населени места беа фактурирани 6.018 m^3 вода.

Согласно Статутот и одлуката за формирање на Јавното претпријатие, а по барање на Општина Новаци и жителите на општината, Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена" – Новаци извршуваше и други услуги од областа на Нискоградба, како што се: санација на собирници за вода, санација на шахти и изработка на капаци за истите, санација на локални патишта на територија на Општина Новаци, изработка на водопоила, санација на водоводни мрежи, ископ на канали за заштита од поплави од атмосферски води, чистење на одводни и атмосферски канали, санација и сервисирање на одводни канали, поставување на одводни цевки, ископ на ров, ископ на јама, чистење, порамнување и уредување на дворови од цркви, манастири, училишт и други устави, монтажа со одржување на монтажни брани, демонтажа на монтажни брани, ископ на канавки, чистење на гробишта, изработка на премини за влез во земјоделски површини и преку атмосферски канали, чистење на брегови од вегетација, ископ на краци за приклучоци на канализациона мрежа, достава на вода за пиење до жителите во населените места во Општина Новаци и слично.

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
КОМУНАЛНАХИГИЕНА – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682

Во текот на 2022 година остварени се следните приходи и расходи:

ПРИХОДИ			
Конто	**ДДВ**	**Опис**	**Износ**
74001	5%	Приход од собирање на отпад од физички лица	1.313.616,00
74002	5%	Приход од собирање на отпад од правни лица	491.373,00
74003	5%	Приходи од водоснабдување - физички лица	180.783,00
74004	18%	Приход од манипулативен трошок	39.005,00
74005	18%	Приход од продажба на канти	64.200,00
74006	5%	Приходи од одржување на јавна чистота	3.952.980,00
74007	18%	Приходи од извршени услуги по ф-ри кон Општина Новаци	1.746.430,00
74008	5%	Приходи од извршени услуги по ф-ри кон Општина Новаци	976,450,00
74010	18%	Приходи од зимско одржување на локални патишта	648.380,00
74011	5%	Приходи од правни лица по ф-ри	44.370,00
74012	18%	Приходи од правни лица по ф-ри	46.600,00
74013	0%	Приходи од надоместок за јавна чистота	227.160,00
74310	0%	Приходи од продажба на отпад	17.310,00
76500	0%	Приходи од отпис на обврски од поранешни години	22,987,00
76501	18%	Приходи од отпис на обврски од поранешни години	14.800,00
76720	0%	Приходи од субвенции за одржување на локални водоводи	663,670,00
76940	0%	Приходи по судски решенија	33,957,00
		Вкупно приход со 0% ДДВ	**965.084,00**
		Вкупно приход со 5% ДДВ	**6.959.572,00**
		Вкупно приход со 18% ДДВ	**2.559.415,00**
		ВКУПНО ПРИХОДИ:	**10.484.071,00**

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
КОМУНАЛНАХИГИЕНА – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682

РАСХОДИ		
Конто	**Опис**	**Износ**
40001	Потрошенни материјали за тековно одржување	119,224,00
40003	Потрошени канцелариски материјали	37,679,00
40004	Работ.облека и средства за заштита на работници	17,752,00
40008	Потрошени средства за хигиена	7,084,00
40200	Потрошена електрична енергија	375,254,00
40206	Потршена нафта	1.346,073,00
40207	Потрошен бензин - косачки	50,744,00
40410	Потрошени резервни делови	389,768,00
41102	Трошоци за интернет и фиксни услуги	33.416,00
41103	Трошоци за мобилни услуги	23,354,00
41104	Трошоци за е-наплата	3.000,00
41200	Услуги за одржување на локални водоводи	562,435,00
41310	Услуги за одржување на материјалните средства	110,958,00
41350	Услуги за одржување на програмата за	36.200,00
41430	Закуп на опрема за собирање смет	60,000,00
41502	Услуги за одржување на зеленило	40,400,00
41703	Огласи во печатени медиуми	52,877,00
41940	Услуги за регистрација на возила	8,402,00
42000	Вкалкулирана нето плата	4,198,385,00
42010	Вкалкул.придонеси од плата	1,739,656,00
42030	Вкалк.персонален данок од плата	275,133,00
42200	Отпремнина при заминување во пензија	63,050,00
42230	Регрес за годишен одмор	361,216,00
43000	Амортизација	524,257,00
44000	Дневници за службени патувања	1,400,00
44150	Трошоци за систематски преглед	6,300,00
44410	Трошоци за репрезентација во земјата	69,729,00
44500	Премии за осигурување на основни средства	13,581,00
44550	Премии за колективно осигурување	7,400,00
44600	Банкарска провизија	80,913,00
44604	Провизија ПАВ Контакт бизнис 6,1%	207.951,00
44712	Надоместок за водни услуги	176,00
44761	Чланарини на здруженија	12,000,00
44790	Лиценци и сертификати	8,916,00
44900	Консалтинг услуги	21.176,00
44903	Адвокатски и нотарски услуги	82,845,00
44905	Услуги за вештачење	11,111,00
44908	Трошоци за договор на дело	632,76100

Јавно Претпријатие за Комунални Дејности
КОМУНАЛНАХИГИЕНА – Новаци
email:khnovaci@gmail.com; тел:075/227-682

44990	Трошоци за судски и административни такси	849,00
44993	Трошоци-централен регистар	2,632,00
44980	Патарина	500,00
46900	Трошоци за судски спорови	553,542,00
46901	Трошоци по нотарски налози	6,000,00
47040	Камати за кредити	224,761,00
47044	Камати за даноци	345,00
ВКУПНО РАСХОДИ:		**12.381.205,00**

РЕКАПИТУЛАЦИЈА	
ОПИС	**ИЗНОС**
ПРИХОДИ	10,484,071,00
РАСХОДИ	12.381.205,00
ЗАГУБА ОД РЕДОВНОТО РАБОТЕЊЕ	-1.897.134,00

Поради потешкотии во работењето на Ј.П.К.Д. „Комунална хигиена“ – Новаци како што се гледа од прикажаната состојба на приходи и расходи, остварен е НЕГАТИВЕН финансиски резултат од -1.897.134 денари.

Ј.П. за Комунални Дејности
„КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“– Новаци
В.Д. Директор

Стефановски Александар

"КОМУНАЛНА ХИГИЕНА"